# БОГ ДА ГО БИЕ КОЈ ЛУБИ ДВЕ МОМИ




Бог да го бије, јубије!
Кој што луби две моми,
Јанка Станка другачки.

Појдо си в Станка на гости:
„Отвори, Станке, да влезам,
До две думи ти кажам.“

„Не викај, лудо, не тропај!
Појди лудо, у Јанка,
Твојто либе е Јанка“.

Појдо си в Јанка на гости:
„Отвори, Јанке, да влезам,
До две думи ти кажам.“

„Не викај, лудо, не тропај!
Појди лудо, у Станка,
Твоето либе е Станка“.

Бог да го бие, јубие,
Кој што луби две моми.
Не му јостануе ни една.

Пеела Македонка Недевска од Кавадарци—Тиквешко, 1937 година.

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968.